**Известување за концентрација со која Ренафла ИПП од Австрија, Соларпро Технолоџи АД од Бугарија и Реналфа АД од Бугарија ќе се стекнат со портфолио за производство и тргување со електрична енергија на Групација Алпик од Бугарија**

**(предмет бр. 08-65 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на портфолио за производство и тргување со електрична енергија од страна на друштвата Ренафла ИПП со регистрирано седиште на 16 Сцхоттенринг, 1010 Виена, Австрија, Соларпро Технолоџи АД со регистрирано седиште на 41 Христофор Колумб 1592 Софија, Бугарија и Реналфа АД со регистрирано седиште на булевар Тсар Ослободител 14, 1000 Софија, Бугарија на корпоративната Групација Алпик во Бугарија, на начин на спроведување на следните посебни, но поврзани преземања:

-Реналфа ИПП директно ќе се стекне со 100% од капиталот на Ветроком ЕООД, со седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар, кат 7, 1000 Софија, Бугарија;

-Соларпро Технолоџис директно ќе се стекне со 100% од капиталот на Алпик Винд Сервисес ЕАД, со седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар, кат 7, 1000 Софија, Бугарија и

-Реналфа АД директно ќе се стекне со 100% од капиталот на Алпик Енергиа Бугарија ЕООД, со седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар, кат 7, 1000 Софија, Бугарија.

Целните друштва работат на полето на производство на обновлива електрична енергија произведена од ветер, услуги поврзани со одржување на ветерни паркови поврзани со пазарот, таканаречени O&M услуги и тргување со електрична енергија на пазарот во Бугарија. Целните друштва не вршат било каква деловна активност на македонскиот пазар.

Друштвата кои преземаат и нивните корпоративни групации на кои припаѓаат извршуваат разни трговски и инвестициски активности во Бугарија и регионот на ЦИЕ.

Во Северна Македонија, Друштвата кои преземаат се присутни преку неколку локални зависни друштва, кои се главно активни во енергетскиот сектор, вклучително и во производството на електрична енергија преку фотоволтаични централи, трговијата со електрична енергија и во ограничен обем – во O&M услуги и обезбедување на инженерски, градежни и услуги за набавка (*Engineering, Construction and Procurement - ECP*) за фотоволтаични централи (во најголем дел за цели на групациско ниво).

Конкретно, Групацијата Реналфа ги има следните (директни и/или индиректни) зависни друштва во Северна Македонија:

1. Друштво за производство на електрична енергија, трговија и услуги АГРОГРУП-ВНМ ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. Ленинова бр.15, Струмица и со ЕМБС 6730876, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија;

2. Друштво за изградба на електрични и телекомуникациски водови и телекомуникациски линии и производство на електрична енергија ГРИНСОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9, Скопје - Центар и со ЕМБС 7029608, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 42.22 – Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии;
3. Друштво за производство на електрична енергија ОСМ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9 (кат 5), Скопје - Центар и со ЕМБС 7509561, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија;
4. Друштво за изградба и управување со енергетски централи СПХ-МБ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9 (кат 5), Скопје - Центар и со ЕМБС 7403887, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија;
5. Друштво за трговија и услуги РЕНАЛФА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9 (кат 5), Скопје - Центар и со ЕМБС 7633220, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 42.22 – Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии;
6. Друштво за трговија и снабдување со електрична енергија РИЊУАБЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ РЕС ДОО Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.30, Скопје - Центар, и со ЕМБС 7497083, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.14 – Трговија на електрична енергија;
7. Друштво за изградба и управување со енергетски постројки КЕР-АЗ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Ристо Шишков бр.38-1/1 Скопје - Центар и со ЕМБС 7404182, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија;
8. Друштво за трговија и снабдување со електрична енергија СОЛАРПРО ПАУЕР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9 (кат 5), Скопје - Центар и со ЕМБС 7333056, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.14 – Трговија на електрична енергија;
9. Друштво за изградба и управување со енергетски централи ГРИНСОЛАР ЈУГ ДОО Скопје, со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр.22 А, Скопје - Центар и со ЕМБС 7235089, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 42.22 – Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии;
10. Друштво за изградба на енергетски централи и производство на електрична енергија ГРИНСОЛАР КВД 7МВ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9, Скопје - Центар и со ЕМБС 7631332, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 42.22 – Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии;
11. Друштво за изградба на енергетски централи и производство на електрична енергија ГРИНСОЛАР КВД 10 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9, Скопје – Центар и со ЕМБС 7631863, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 42.22 – Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии;
12. СОЛАРПРО ХОЛДИН АД Софија, Р. Бугарија – Подружница во Република Македонија, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.52/4, Скопје - Центар и со ЕМБС 6763014, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.14 – Трговија на електрична енергија;
13. СОЛАРПРО ОМ ДООЕЛ Софија Р. Бугарија – Подружница во Скопје, Република Македонија, со седиште на ул. Вељко Влаховиќ бр.22 А, Скопје – Центар и со ЕМБС

6883982, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 42.22 – Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии;

14. КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Никола Кљусев бр.1, Скопје - Центар и со ЕМБС 5111056 со приоритетна дејност/главна приходна шифра 64.19 – Друго монетарно посредување.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

19.04.2023 година

Скопје